# Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на адвокати

ВОВЕДНА ОДРЕДБА
Член 1

(1) За ова осигурување се користат и важечките Општи услови за осигурување на професионална одговорност (ОУ-ПОД-01), освен во делот кој е поинаку определен со овие услови.

ОСИГУРЕНА ОПАСНОСТ
Член 2

(1) Осигурувањето ги покрива оштетните побарувања на нарачателите на услуги, кои се последица на несовесно и нестручно вршење на регистрираната дејност на осигуреникот и за кое осигуреникот одговара врз законска основа.

НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ
Член 3

(1) Осигурувањето, покрај неосигурените опасности одредени во Општите услови за осигурување на професионална одговорност, не ја покрива одговорноста и за оштетни побарувања:

1) До кои доаѓа како последица на неизлегување на адвокатот на рочиште;

2) До кои доаѓа како последица на кршење на должното постапување во врска со управување односно раководење на осигуреникот во функција на извршен директор, член на управа или стечаен управник на стопанско друштво;

3) До кои доаѓа како последица на злоупотреба на доверливи информации на нарачателот од страна на осигуреникот или кај него вработените лица;

4) За штета која ја предизвикало трето лице, на кое адвокатот му овозможил да врши дејност врз основа на својата дозвола за вршење на дејност (предавање на печат на трето лице и сл.).

Овие Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на адвокати се донесени на 25 -та седница на Одборот на директори на Друштвото, одржана на 26.05.2010 година и се применуваат од 01.01.2010 година.